STOPANSKA BANKA AD - SKOPJE
member of NBG group
On your side

КОДЕКС НА ЕТИКА

СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ

октомври 2023 година

Етика: Водечко начело во Стопанска банка

Почитувани колеги, клиенти, акционери,

Низ својата долгогодишна историја, угледот и позицијата на Стопанска банка АД - Скопје се градени врз цврсти етички темели, кои претставуваат водилка во нашето работење и во услови на постојаните промени во финансискиот сектор и општеството.

Во таа насока, ажурираниот Кодекс на етика ја одразува непоколебливата посветеност на Банката кон почитување на принципите што ја определуваат Стопанска банка и кои претставуваат суштински дел од корпоративната култура на сите нас. Овие принципи се усогласени со законските и регулаторните барања, како и со најдобрите деловни практики и високите очекувања што општеството ги има од нашата Банка.

Во свет кој брзо се менува, особено во областа на финансиите, правото, технологијата и меѓучовечките односи, од исклучителна важност е секој од нас да постапува на начин што ги одразува вредностите и принципите на Банката. Во таа насока, од страна на надлежниот тим во Банката беше спроведена иницијатива за дополнително прецизирање и потврдување на мисијата и вредностите на Банката, со цел да се обезбеди нивна усогласеност со стандардите на НБГ Групацијата, новите регулаторни барања, како и потребите и очекувањата на клиентите.

Како што на сите ни е познато, денешното банкарско работење се одвива во сложено опкружување исполнето со бројни предизвици, почнувајќи од засилени регулаторни барања, преку сè поголемите очекувања за транспарентност, етичко постапување и активна соработка со сите засегнати страни, па сè до потребата од континуирана дигитална трансформација. Кодексот на етика ги препознава овие околности и има за цел да придонесе кон зачувување на угледот и довербата што Банката ги ужива и во услови на вакви предизвици.

Суштината на мисијата на Банката останува непроменета: да биде банка од прв избор за граѓаните и компаниите, истовремено создавајќи вредност за акционерите, вработените и поширокаата општествена заедница.

Иако Кодексот на етика претставува сеопфатна и значајна рамка за остварување на мисијата на Банката, тој не може да ги опфати сите можни ситуации и околности. Градењето и негувањето на етичко однесување претставува секојдневна заедничка обврска на сите нивоа во Банката. Разбирањето и почитувањето на одредбите на овој Кодекс е лична одговорност на секој вработен во Банката. Ги охрабруваме вработените, како и сите лица што се во деловен однос со Банката, да поставуваат прашања, да бараат појаснувања или да укажуваат на евентуални сомневања поврзани со примената на Кодексот и постапките утврдени со него. Во ситуации кога постои дилема, се охрабрува навремено пријавување или барање совет во согласност со процедурите на Банката.

SB Restricted

Почитувањето на принципите на овој Кодекс и промовирањето на темелните вредности, како што се интегритетот, чесноста, транспарентноста, кредибилитетот, отворената комуникација и отчетноста, се од суштинско значење за зајакнување на позицијата на Банката во економијата, унапредување на односите со сите засегнати страни и поттикнување на работна средина заснована на соработка, знаење и заслуги.

Да продолжиме да поставуваме високи стандарди и да ги негуваме вредностите што ја прават Стопанска банка препознатлива како банка на доверба и интегритет низ сите овие години. Да продолжиме да градиме традиција и наследство засновани врз етичко лидерство.

Со почит,

Диомидис Николетопулос, *ГИД & Претседател на Управниот одбор*

Содржина

1. ВОВЕД

1.1. За Кодексот 03
1.2. На кого се однесува? 04
1.3. Зошто ни' треба? 05
1.4. Објава на Кодексот 05
1.5. Ревидирање на Кодексот 05

2. ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ НА ЕТИЧКОТО ОДНЕСУВАЊЕ

2.1. Нашите заеднички вредности 06
2.2. Нашите заеднички одговорности 07
2.2.1. На работно место 07
2.2.2. Со клиентите 14
2.2.3. Со акционерите и третите лица 20
2.2.4. Со заедницата и околината 22
2.2.5. Доверливост и лични податоци 24

3. ПОЗНАВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТИТЕ

3.1. Справување со проблеми 26
3.2. Примена на кодексот 27

АНЕКСИ

Анекс I – Што се очекува во однос на Кодексот

Анекс II – Политики на СБ

Анекс III – Индикативни прашања и одговори во врска со примената на Кодексот

Анекс IV – Алатка за одлучување

Анекс V – Кодекс на етика за финансиските професионалци на Стопанска банка АД-Скопје

1. ВОВЕД

1.1. За Кодексот

Стопанска банка АД - Скопје (во натамошниот текст: „СБ“, „Стопанска банка“ и/или „Банката“) е посветена на почитување и промовирање на етичките принципи и вредности на сите нивоа и во сите активности што ги извршуваат нејзините вработени.

Основана како прва банка во државата на 29.12.1944 година, Стопанска банка ги постави темелите на банкарството и одигра значајна улога во економскиот, финансискиот и општествениот развој на Република Северна Македонија. Денес, Стопанска банка и понатаму има значајна улога како системски значајна финансиска институција и еден од столбовите на економскиот систем во државата.

Имајќи ги предвид улогата и значењето на Банката, како и очекувањата на сите нејзини засегнати страни, Надзорниот одбор го донесува овој Кодекс на етика (во натамошниот текст: „Кодекс“), со кој се утврдуваат стандардите, етичките норми и правилата на однесување, вклучително и прифатливото и неприфатливото однесување на вработените, во согласност со Одлуката на Народната банка за правилата за добро корпоративно управување во банките и принципите содржани во Циркуларот на Народната банка за заштита на потрошувачите на финансиски услуги во банкарскиот сектор.

1.2. На кого се однесува?

Овој Кодекс се применува на сите членови на органите на Стопанска банка АД Скопје, членовите на вишото раководство* и вработените во Банката, без оглед на видот на работниот ангажман, како и на сите трети лица кои соработуваат со Банката.

Во однос на третите лица, тие се должни да ги применуваат етичките стандарди утврдени во договорите за соработка, без разлика дали се работи за обезбедување услуги или за реализација на одреден проект (вклучително и надворешните соработници, добавувачите, посредниците, застапниците и сите други субјекти кои соработуваат со Банката во рамките на аутсорсинг аранжмани или други видови договорни односи).

*Вишото раководство ги опфаќа членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, сениор директорите, директорите и заменик-директорите на секторите, како и директорите за специфични прашања.

1.3. Зошто ни’ треба?

Кодексот претставува значајна референтна рамка која суштински придонесува за заштита на интересите на вработените, клиентите и акционерите преку јасно утврдени структури на управување, а воедно придонесува за зајакнување на доверливоста, солвентноста и угледот на Банката.

Исто така, Кодексот обезбедува неопходни насоки за донесување правилни одлуки во согласност со правилата за корпоративно управување, како и со законската и регулаторната рамка во Република Северна Македонија.

Од суштинско значење е барањата на Кодексот да бидат правилно разбрани, а принципите и вредностите утврдени во него доследно да се почитуваат и применуваат.

За сите прашања во врска со содржината на Кодексот може да се контактира Секторот за усогласеност со прописите. Во зависност од природата на прашањето, Секторот за усогласеност со прописите се консултира со Секретарот на Банката, директорот на Секторот за правни работи и/или директорот на Секторот за човечки ресурси.

1.4. Објава на Кодексот

Кодексот е достапен на веб-страницата на Банката (www.stb.com.mk) на македонски и на англиски јазик, а по барање може да се добие и во печатена форма во било која организациска единица на Банката.

На тој начин Банката настојува да обезбеди поголема транспарентност, овозможувајќи им на сите заинтересирани страни пристап до основните вредности, правила и принципи врз кои се темели нејзиното работење и нивна оцена.

Се напоменува дека, доколку одредбите од овој Кодекс се построги од одредбите на важечката законска и регулаторна рамка, ќе се применуваат одредбите од Кодексот.

1.5. Ревидирање на Кодексот

Управниот одбор го разгледува Кодексот врз основа на предлог од Секторот за усогласеност со прописите/ Секретарот на Банката, секогаш кога тоа е потребно, а најмалку еднаш на секои две години, со цел да се обезбеди неговата усогласеност со принципите што ги применува Банката, воспоставените правила, важечката законска и регулаторна рамка, како и најдобрите меѓународни практики.

Соодветен предлог се доставува до Надзорниот одбор на Банката на одобрување, по претходно одобрување од страна на Одборот за ревизија.

Во случај на измена на Кодексот, Банката обезбедува навремено информирање на вработените и јавноста за ревидираната верзија на Кодексот.

2. ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ НА ЕТИЧКОТО ОДНЕСУВАЊЕ

Кодексот ги утврдува основните вредности и принципи до кои Банката се придржува, како и областите во кои **мора да се почитуваат** стандардите на етичко однесување. Во таа насока, следните четири клучни вредности се поставени во центарот на системот на вредности на Банката:

- **ЧОВЕЧНОСТ**
  - ✓ Покажуваме искрен интерес и почит кон другите;
  - ✓ Континуирано го поттикнуваме тимскиот дух и меѓусебната поддршка;
  - ✓ Се стремиме кон рамнотежа помеѓу професионалниот и приватниот живот.
- **ВЕРОДОСТОЈНОСТ**
  - ✓ Ги почитуваме највисоките професионални и етички стандарди на однесување;
  - ✓ Донесуваме одлуки со интегритет и внимателно управуваме со ризиците;
  - ✓ Градиме долгорочни односи засновани врз доверба;
  - ✓ Негуваме правични и фер односи со клиентите.

- **ОДГОВОРНОСТ**
  - ✓ Преземаме одговорност и постапуваме навремено и одлучно;
  - ✓ Континуирано сме насочени кон решенија што ги стават потребите на клиентите во центарот на вниманието;
  - ✓ Обезбедуваме навремено извршување преку поттикнување и мобилизирање на другите за брзо дејствување.

- **ПОТТИКНУВАЧИ НА РАЗВОЈОТ**
  - ✓ Ги следиме нашите амбиции и одлучно одговараме на денешните предизвици;
  - ✓ Овозможуваме одржлив развој преку нови идеи и иновативни решенија;
  - ✓ Го поддржуваме развојот на талентите врз принципите на правичност и транспарентност.

Во таа насока, Банката ја потврдува својата заложба за почитување и промовирање на вредности како што се интегритетот, отчетноста, чесноста, транспарентноста, довербата, еднаквоста и високите етички стандарди во сите аспекти од своето работење. Банката постапува правично и фер кон своите клиенти во сите фази на обезбедувањето финансиски услуги.

Наведените клучни вредности претставуваат основа за оценување на културата на Банката.

2.2. Нашите заеднички одговорности

Свесноста за нашите одговорности во општество кое постојано се менува е од суштинско значење за нашето работење во согласност со највисоките етички стандарди и за доследното почитување на вредностите и принципите утврдени од Банката.

Банката придава особено значење на тоа секој вработен да биде свесен за своите одговорности кон колегите, клиентите, регулаторните тела и сите други засегнати страни.

Секој вработен е лично одговорен за заштита на добрата репутација на Банката и за извршување на своите работни задачи на начин што обезбедува усогласеност на Банката со нејзините обврски и придржување кон наведените вредности.

Раководството на Банката обезбедува воспоставување и одржување на внатрешна рамка и корпоративна култура што овозможуваат препознавање и претпазливо управување со ризикот од несоодветно пазарно однесување, со цел обезбедување високо ниво на задоволство и долгорочна доверба кај клиентите.

Банката работи во услови на пазарна економија и, во рамките на своите надлежности и важечката законска рамка, ги промовира и поддржува принципите на слободна и лојална конкуренција, обезбедувајќи им на клиентите право на слободен избор на финансиски услуги.

2.2.1. На работно место

Отчетност - Одговорност

Надзорниот одбор, давајќи пример од врвот на организацијата, настојува да ја зајакне индивидуалната отчетност и одговорност на членовите на Управниот одбор, директорите на сите хиерархиски нивоа, носителите на клучни функции и сите вработени, како и да ги унапреди стандардите на однесување во Банката.

За таа цел, особено се применуваат следните принципи:

- ✓ Членовите на Управниот одбор, секторските директори и носителите на други клучни функции ги исполнуваат условите за соодветност за извршување на своите функции и се отчетни и одговорни за постапките на вработените под нивна надлежност, како и за работењето во областите со кои раководат;
- ✓ Рамката за корпоративно управување на Банката обезбедува поддршка и услови за ефикасно извршување на улогите и одговорностите на Управниот одбор;
- ✓ Целокупната управувачка структура на Банката и линиите на известување се јасно дефинирани и транспарентни.

Со цел да се обезбедат отчетност и одговорност на вишото раководство на Банката, Надзорниот одбор:

- ✓ Го надгледува работењето на вишото раководство во насока на унапредување на културата на етика и усогласеност во Банката, зајакнување на интерната етичка култура и деловниот интегритет и спречување на неетичко однесување;
- ✓ Го надгледува утврдувањето и јасното распределување на надлежностите во рамките на вишото раководство, со цел обезбедување отчетност на вишото раководство за неговото однесување, постапки и стручност;
- ✓ Дава мислења по етички прашања што се однесуваат на членовите на Одборот на директори, вклучувајќи прашања уредени со кодексите на етика на Банката и други релевантни акти, за време на траењето на нивниот мандат;
- ✓ Го разгледува и надгледува спроведувањето и ефективноста на иницијативите на Банката поврзани со етиката и организациската култура, вклучувајќи обуки за етичко одлучување, како и постапките за пријавување и разрешување на прашања од етичка природа.

Различност - Почитување на личноста

Во сите аспекти на своето работење, Банката препознава дека подобри резултати се постигнуваат преку заедничко дејствување и тимска работа. Без ограничување на независноста на вработените и преку јасно утврдување на улогите и одговорностите, Банката поттикнува еднаквост, различност, почитување и тимски дух во позитивна и поттикнувачка работна средина.

Филозофијата на Банката се темели врз почитување на личноста и достоинството на секој вработен. Во таа насока, Банката не толерира каков било облик на дискриминација или навредливо постапување кон поединецот, вклучително и морално, сексуално, психолошко или друго вознемирување, заплашување, прогон или друг облик на несоодветно однесување, како и социјално исклучување или неправеден третман по основ на националност, раса, боја на кожа, етничко или социјално потекло, припадност на национално малцинство, имотна состојба, раѓање, здравствена состојба или попреченост, возраст, сексуална ориентација, пол, генетски карактеристики, семејна или брачна состојба, верско, политичко или друго уверување, членство во синдикат, статус на воен ветеран, државјанство, бременост, раѓање или родителство.

Напротив, Банката високо ги вреднува идеите и гледиштата на вработените со различно потекло, таленти и лични карактеристики, препознавајќи дека тие придонесуваат за деловниот раст и развој и за обезбедување еднакви можности за сите вработени.

Банката се стреми кон спроведување мерки со кои се обезбедуваат еднакви можности за сите родови, вклучително и во однос на можностите за кариерен развој и унапредување на застапеноста на помалку застапениот род на раководни позиции.

Пристапот на Банката кон различноста, меѓу другото, е насочен кон:

• привлекување, ангажирање и задржување разновидни таленти;
• унапредување на угледот и позитивното влијание на Банката во заедницата.

Еднаков третман – тимски дух

Со цел да обезбеди еднаков третман на сите вработени, Банката обезбедува заштита од директна и индиректна дискриминација преку воспоставување транспарентни процеси што гарантираат еднакви можности во однос на: i. вработување, наградување и кариерен развој; ii. објективно и транспарентно оценување и наградување врз основа на заслуги; iii. условите за работа; iv. пристапот до обуки; и v. примена на транспарентни и единствени критериуми во дисциплинските постапки.
Банката развива мерит-систем за оценување на работната успешност, унапредување и наградување на вработените и го поддржува континуираното унапредување на нивните знаења и вештини преку спроведување значајни програми за обука и професионален развој.

Исто така, Банката воспоставува и спроведува мерки, развојни програми и системи на поттикнување насочени кон привлекување, селекција и понатамошен развој на човечките ресурси.

Дополнително, Банката го почитува правото на вработените на здружување и синдикално организирање и соработува со синдикалните организации на вработените.

Дополнително, Банката го почитува правото на вработените да основаат, организираат и да членуваат во синдикат по сопствен избор, согласно условите утврдени со статутот или правилата на тој синдикат.

Банката ќе продолжи тесно да соработува со претставниците на синдикатот со цел унапредување и заштита на економските, социјалните и другите права и интереси на вработените, како и на колективните интереси на Банката.

Потпирајќи се на своето искуство и тимскиот дух, Банката настојува претпазливо и доследно да биде во чекор со развојните трендови во својата дејност. Вработените се поттикнуваат да предлагаат нови идеи и иницијативи, поткрепени со соодветно образложение, кои ќе бидат разгледани и оценети од надлежните организациски единици.

Банката обезбедува преземање соодветни мерки за да им овозможи на вработените учество во програми за обука и професионален развој во Република Северна Македонија и во странство.

Безбедна работна средина

Банката обезбедува пријатни и безбедни услови за работа, почитувајќи ја рамнотежата помеѓу професионалниот и приватниот живот на вработените.

Здравјето и безбедноста при работа претставуваат постојан приоритет на Банката, која е посветена на обезбедување безбедна работна средина. Банката е посветена на почитување на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа и обезбедување безбедна и здрава работна средина за сите вработени преку спроведување програми за превенција на професионалните

ризици, обезбедување соодветна заштитна инфраструктура и опрема, како и примена на постапки за справување во вонредни ситуации.

Во таа насока, Банката, во соработка со овластено стручно друштво од областа на безбедноста и здравјето при работа, спроведува редовни контроли заради обезбедување соодветност и усогласеност на постојните стандарди за безбедност и здравје при работа, изготвува проценки на ризик на работните места и изјави за безбедност при работа, обезбедува соодветни обуки за вработените од областа на безбедноста и здравјето при работа и се консултира со претставниците на вработените за мерките поврзани со безбедноста и здравјето при работа и други поврзани прашања.

Воедно, Банката има изготвено планови за постапување во вонредни ситуации, со цел превенција на професионалните ризици и обезбедување поддршка на вработените во случаи на насилни инциденти (разбојништва, вербално или физичко насилство).

Заштита на средствата на Банката

Вработените се должни да ги заштитуваат средствата на Банката од оштетување, загуба или неовластено користење, без оглед дали таквото постапување потекнува од вработени или од трети лица. Оваа обврска се однесува и на правата од интелектуална сопственост на Банката, вклучително и трговски марки, доменски имиња, логоа, циркуларни писма, политики, процедури, бази на податоци и публикации на Банката.

Во таа насока, сите вработени обезбедуваат целосна транспарентност при изборот на стоки и услуги, водејќи сметка за заштитата на угледот на Банката и постапувајќи во согласност со важечките процедури.

Дополнително, вработените се должни да обезбедат информатичката опрема да се користи исклучиво од овластени лица и само за службени цели, да ја почитуваат доверливоста на податоците поврзани со трансакциите и работењето на Банката и да ги преземаат сите потребни мерки за заштита на интересите, имотот и хартиите од вредност доверени на Банката.

Особено во однос на правата од интелектуална сопственост, секој вработен е должен да обезбеди нивното користење да биде во согласност со внатрешните политики и процедури на Банката и претходно да ја прибави потребната согласност од надлежната организациска единица.

За таа цел, секој вработен е должен до Секторот за усогласеност/Секретарот на Банката да пријави секое сомневање за несоодветно користење на правата од интелектуална сопственост на Банката.

Почитување на одредбите за СПП/БФТ

Банката ја признава важноста од усвојување и спроведување ефикасни мерки за спречување на перење пари и финансирање тероризам. За таа цел, Банката има воспоставено Политика за спречување на перење пари и финансирање тероризам - Политика за прифаќање клиенти и им

овозможува на вработените континуирана обука за превенција и постапување во овие области, при што целосно ги почитува важечките закони и регулаторни акти.

Во таа насока, Банката:

- ✓ воспоставува ефикасни информатички системи за идентификација, следење и процена на трансакциите и клиентите со висок ризик;
- ✓ соработува и разменува информации со надзорните органи и другите надлежни институции;
- ✓ не извршува трансакции чија законитост е сомнителна, ниту трансакции со физички или правни лица и други субјекти кога таквите трансакции се забранети согласно одлуки или мерки донесени од надзорни, судски или други надлежни органи;
- ✓ обезбедува континуирани обуки за вработените од оваа област;
- ✓ во целост ги почитува важечките закони и регулаторни акти.

Отфрлање на секој облик на поткуп

Понатаму, Банката ги презема сите неопходни мерки за спречување и сузбивање дејствија поврзани со поткуп од страна на членовите на органите на управување, вработените, како и надворешните соработници и давателите на услуги на кои им се доверени активности врз основа на договор за аутсорсинг.

За таа цел, Банката има донесено Политика за спречување поткуп, со која се утврдени релевантни принципи и правила, насочени кон:

- ✓ воспоставување јасни принципи и правила за спречување на поткупот;
- ✓ подигнување на свеста кај вработените за навремено препознавање, спречување и одвраќање од дејствија поврзани со поткуп;
- ✓ поттикнување на пријавувањето сомневања за поткуп преку воспоставување интерни канали за комуникација кои обезбедуваат заштита на пријавувачите и доверливост на информациите, во согласност со Политиката за укажување на неправилности (Whistleblowing Policy) на Банката;
- ✓ обезбедување навремено преземање мерки против лицата вклучени во поткуп и коруптивни дејствија, имајќи предвид дека Банката има нулта толеранција кон корупцијата.

Сите членови на органите на Банката, вработени и соработници се одговорни за спречување, одвраќање и пријавување случаи на поткуп и корупција.

Како дел од заложбите за заштита на угледот на Банката, секој вработен е должен:

- ✓ да не прифаќа подароци во форма на пари (без оглед на износот) или други материјални придобивки (патувања, хотелско сместување, значителни попусти при купување стоки и

слично). Од ова се исклучени промотивни подароци од мала вредност, како што се канцелариски материјали со корпоративно обележје, симболични подароци за Божиќ, Велигден, именден или други пригоди кои се сметаат за вообичаено и општествено прифатливи. Во секој случај, вредноста на подарокот не смее да надминува 250 евра или соодветна противвредност во друга валута;

Доколку подарокот е со поголема вредност, а клиентот инсистира на негово прифаќање, вработениот може да го прими, но е должен веднаш да го пријави до раководителот на организациската единица или до Секторот за усогласеност/Секретарот на Банката.

- ✓ да не нуди или ветува финансиска или друга корист на кое било лице со цел да го поттикне на несоодветно постапување или да го награди за веќе извршено несоодветно постапување;
- ✓ да не настојува да обезбеди каква било корист или предност користејќи го својот статус на вработен во Банката, во или надвор од Банката;
- ✓ да побара претходно одобрување од директорот на секторот пред да покани клиент на ручек или вечера или пред да присуствува на спортски, културни или други настани по покана од клиент;
- ✓ доколку примател на наведените подароци, користи или предности е директор на сектор, истиот е должен да го изврши соодветното пријавување до директорот на Секторот за усогласеност/Секретарот на Банката или до надлежниот член на Управниот одбор или член на вишото раководство под чиј надзор се наоѓа;
- ✓ доколку примател е директорот на Секторот за усогласеност/Секретарот на Банката, истиот е должен без одлагање да го извести Генералниот извршен директор;
- ✓ во случај на сомневање дека не се почитуваат наведените правила, да поднесе пријава до Секторот за усогласеност/Секретарот на Банката.

Адвокати

Имајќи предвид дека Банката во своето работење ангажира адвокати, од особена важност е сите адвокати (интерни и надворешни) кои обезбедуваат услуги за Банката да се придржуваат кон принципите на овој Кодекс на етика и да избегнуваат какви било околности што можат да доведат до судир на интереси. Се напоменува дека адвокатската дејност во Република Северна Македонија е уредена со Кодексот за професионална етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

Сите адвокати ангажирани од Банката, без оглед дали се вработени во Банката, обезбедуваат правни услуги врз основа на годишен паушален надоместок, се ангажирани за конкретен предмет или проект или се ангажирани како приправници, се должни да се придржуваат кон:

- ✓ принципите на овој Кодекс, како и кон Политиката за судир на интереси на Банката;
- ✓ обврските за обелоденување на сите случаи и околности што можат да доведат до потенцијален судир на интереси. Дополнително обелоденување се бара и во случаи кога тие самите, членовите на нивната адвокатска канцеларија или членови на нивното потесно семејство постапуваат во предмети во име на Банката.

При извршувањето на своите должности, како и по нивното престанување, адвокатите се должни да преземаат соодветна грижа за избегнување судски и вонсудски судири на интереси и да ги почитуваат начелата на тајност и доверливост, преземајќи ги сите мерки за спречување откривање доверливи информации на трети лица.

Од адвокатите кои соработуваат со Банката, на кое било ниво, се очекува да покажуваат висок степен на професионална внимателност при постапувањето по предметите.

За таа цел, адвокатите (интерни и надворешни), при преземање на своите должности, доставуваат потпишана изјава дека не постои судир на интереси во однос на предметите по кои постапуваат и дека од нивното постапување не произлегува репутациски ризик за Банката. Банката може да спроведува соодветни проверки при соработка со надворешни адвокатски канцеларии. Воедно, се склучуваат соодветни договори за доверливост со цел лицата на кои по исклучок им се откриваат доверливи информации да бидат запознаени со нивната доверлива природа и со ограничувањата во нивното користење.

Односи со медиумите и користење на социјалните мрежи

Во односите со медиумите, единствено овластени лица на Банката можат да комуницираат со претставници на медиумите, да даваат одобренија или да доставуваат дописи, соопштенија и други слични информации за објавување во име и за сметка на Банката.

Согласно тоа, вработените не смеат без претходно одобрување од Секторот за усогласеност/Секретарот на Банката да настапуваат во медиумите како претставници на Банката, да даваат интервјуа, да објавуваат написи, соопштенија или други публикации, ниту да даваат писмени или усни изјави поврзани со Банката и нејзиното работење. Сите вработени треба одговорно и разумно да ги користат социјалните мрежи и интернет-страниците за приватни цели, водејќи сметка да не преземаат активности што би можеле да го нарушат нивниот личен интегритет како вработени во Банката и, со тоа, да му наштетат на угледот на Банката. Притоа, вработените се должни да обезбедат да не се откриваат доверливи информации на Банката, освен кога за тоа се посебно овластени.

Секое барање или прашање од медиумите примено при извршување на работните задачи треба без одлагање да се упати до директорот на Дирекцијата за маркетинг и односи со јавноста.

Учество во политички партии, организации, здруженија и форуми

Банката го почитува правото на вработените да ги изразуваат своите општествени, верски и политички ставови, при што таквите активности треба да се одвиваат во нивно слободно време и надвор од просториите на Банката. Сепак, ваквите активности не смеат на кој било начин да влијаат врз извршувањето на работните обврски на вработените, ниту да создадат основ за судир на интереси. Пред учество во политичка партија или прифаќање кандидатура или функција во органите на управување на политичка партија, организација, здружение или форум од кој било вид, вработените се должни да го известат својот непосреден раководител и, доколку е потребно, да постапат во согласност со процедурите за добивање соодветни одобренија од надлежните органи на Банката, согласно нејзините интерни акти и важечката регулаторна рамка.

Вработените треба да постапуваат со соодветна претпазливост за да не создадат впечаток дека Банката ги поддржува или одобрува нивните лични политички, општествени или верски ставови и мислења. Поради тоа, при јавни настапи, во јавни објави, вклучително и на социјалните мрежи, не е дозволено користење податоци што упатуваат на нивниот статус на вработени во Стопанска банка АД Скопје.

Дополнително, пред учество како говорници на конференции, симпозиуми или други стручни настани, вработените се должни да го известат својот непосреден раководител и да ги обезбедат потребните одобренија во согласност со интерните акти на Банката.

2.2.2. Со клиентите

Одржување високи стандарди на професионално однесување - Соодветно претставување на Банката

Сите вработени треба да бидат свесни дека угледот на Банката може да биде засегнат од однесувањето на нејзиниот персонал. Банката обезбедува односите со клиентите да се темелат на вредности како што се почит, искреност, доверба, точност, транспарентност, сигурност, чесност, доследност, еднаков третман, објективност и непристрасност.

Банката ги вградува принципите на правичен третман и соодветна грижа за клиентите во своите постапки за управување со ризици, контролните функции и соработката со трети страни. Особено внимание посветува на предизвиците со кои се соочуваат ранливите категории клиенти (како што се клиенти со пониско ниво на финансиска писменост и финансиска инклузија, лица со посебни потреби, мигранти, припадници на малцинства и други).

Банката обезбедува соодветна обука на вработените и располага со соодветна технолошка инфраструктура со цел континуирано унапредување на квалитетот на услугите кон клиентите. Клучот за обезбедување услуги со највисок квалитет за нашите клиенти е професионалноста.

Еднаков третман на клиентите

Активностите на Банката се насочени кон клиентите. Услугите треба да се нудат на подеднакво целосен, внимателен и соодветен начин. Банката обезбедува развој и понуда на услуги и

производи врз основа на заеднички карактеристики што ги дефинираат групите клиенти, при што спречува секаков вид дискриминаторски третман на клиентите. Условите содржани во производите и услугите се јасни, разбирливи и правични.

Банката го почитува правото на сопственост на своите клиенти, обезбедувајќи решенија што придонесуваат за одржливо надминување на нивните финансиски потешкотии (спогодби за подмирување на обврски, олеснителни аранжмани и слично). Согласно со тоа, се преземаат сите неопходни мерки како за физичка заштита на клиентите за време на нивниот престој во просториите на Банката, така и за чување и заштита на нивниот имот и средства (содржините на сефовите и друго).

Спречување судир на интереси

Банката посветува особено внимание и презема соодветни мерки за постапување во случаи што можат да предизвикаат или да доведат до судир на интереси во рамки на услугите што ги нуди.

Такви случаи може да настанат доколку постои несовпаѓање помеѓу:

- ✓ интересите на Банката и интересите на другите вклучени страни (клиенти, акционери, вработени и други),
- ✓ интересите на различни организациски единици или деловни активности на Банката,
- ✓ интересите на членови на иста група клиенти (како што се постојни или потенцијални клиенти).

За таа цел, Банката ги има усвоено:

(i) Политиката за избегнување судир на интереси на членовите на Управниот одбор, високото раководство и другите поврзани лица на СБ, со која се уредуваат контролата и управувањето со постојните или потенцијалните судири на интереси на овие лица и носителите на највисоки раководни функции;

(ii) Политиката за судир на интереси, со која се утврдува рамката за идентификација и управување со судир на интереси помеѓу Банката и клиентите, како и меѓу самите клиенти, при обезбедување инвестициски и помошни услуги и при вршење активности на дистрибуција на осигурување, вклучително и инвестициски производи базирани на осигурување;

(iii) Процедурата за идентификација и следење на поврзани лица и поврзани страни со СБ, со која се уредуваат односите со поврзани кредитобарателi.

Во рамки на спречувањето на постојни или потенцијални случаи на судир на интереси, Банката ги презема следните мерки:

- ✓ Усвојува правила засновани на транспарентност и објективни критериуми.

- ✓ Воспоставува механизми и контролни системи за спречување и управување со евентуални загуби.
- ✓ На клиентот јасно му ги обелоденува општата природа и/или изворите на судирот на интереси, како и мерките преземени за ублажување на тие ризици, пред обезбедување инвестициски и помошни услуги или пред склучување договор за осигурување.

Во рамки на спречувањето на судир на интереси, секој вработен е должен:

- ✓ Веднаш да го обелодени и пријави до раководителот на организациската единица секој сопствен интерес или интерес на членови на семејството што може да доведе до судир со интересите на Банката или да го спречи вработениот соодветно да ги извршува своите работни обврски. Доколку таквиот интерес се однесува на раководителот на организациската единица, тој е должен истото да го обелодени и пријави до високото раководство или органот на управување под чиј надзор се наоѓа.
- ✓ Да го обелодени секој семеен однос со колеги или клиенти со цел избегнување можен судир на интереси.
- ✓ Да не воспоставува заеднички или меѓусебни финансиски интереси со клиенти и деловни соработници на Банката.
- ✓ Да не посредува при купопродажба, пренос или каква било финансиска или друга трансакција меѓу клиенти на Банката, вклучително и кога во таквите трансакции учествуваат нивни роднини, ниту да промовира банкарски или други деловни активности во корист на субјекти различни од Банката.
- ✓ Да постапува еднакво кон сите клиенти, избегнувајќи повластен третман на одредени клиенти или неоправдано ограничување на деловната соработка на други клиенти со Банката.
- ✓ Да не нуди услуги (на пример, сметководствени, управувачки и слично) и производи надвор од делокругот на своите работни задачи во Банката на клиенти, деловни соработници на Банката или трети лица, со или без надоместок, без претходно одобрение од надлежните органи, со цел избегнување потенцијален судир на интереси.
- ✓ Да не учествува во одбори, управни или други органи на управување на клиенти, деловни соработници на Банката или трети лица, со или без надоместок, без претходно одобрение од надлежните органи, со цел избегнување можен судир на интереси.
- ✓ Да не купува добра или услуги од клиенти на Банката по цени пониски од пазарните и да не презема финансиски обврски (како што се рати, меници и слично) што подоцна нема да може да ги исполни.
- ✓ Да не ги злоупотребува поволните услови што Банката им ги обезбедува на своите вработени во врска со одделни видови производи, услуги и сметки (како што се кредитни олеснувања и слично), ниту тие поволности неправилно да ги користи во корист на трети лица кои немаат право на нив.
- ✓ Да не бара поддршка или придонес од клиенти за каков било настан, освен за активности што се реализираат во рамки на програмата за спонзорства на Банката.

- ✓ Да не презема обврски, ниту како должник ниту како гарант, доколку врз основа на своите приходи или имотна состојба не е во можност да ги исполни соодветните обврски.
- ✓ Да не настојува да обезбеди каква било корист или погодност за себе или за членови на своето семејство, користејќи ја својата положба како вработен во Банката.

Спречување на злоупотреба на внатрешни информации

Почитувајќи ги и стандардите на НБГ Групацијата за спречување пазарни злоупотреби, сите вработени се должни:

- ✓ Да не вршат инвестиции со шпекулативен, односно профитно ориентиран карактер. Инвестициите на вработените во Банката треба да имаат инвестициски, а не шпекулативен карактер.

- ✓ Да не вршат трансакции поврзани со акции или должнички хартии од вредност на Банката, ниту со деривати или други финансиски инструменти поврзани со нив, доколку располагаат со внатрешни информации.
- ✓ Да не вршат трансакции поврзани со акции или должнички хартии од вредност на котирани друштва, ниту со деривати или други финансиски инструменти поврзани со нив, во период од 30 календарски дена пред објавување на периодичен финансиски извештај или годишен извештај, како и пред свикување редовно или вонредно собрание на акционери, доколку извршуваат раководни или надзорни функции.
- ✓ На квартална основа да пријавуваат сите лични трансакции извршени со финансиски инструменти поврзани со сопственото портфолио на Банката, доколку се на работно место трговец кој врши трансакции за сметка на сопственото портфолио на Банката.

Транспарентност и веродостојност

Односите на Банката со сите договорни и деловни страни се засноваат на транспарентност, како дел од заложбите на СБ за обезбедување точни, правични, навремени, редовни, веродостојни и достапни информации за прашања од интерес (како што се управувачките структури и политики, финансиските резултати, квантитативните и квалитативните прашања поврзани со вработените и другите соработници, договорните услови и слично).

Навремено објавените финансиски извештаи овозможуваат веродостојно и периодично прикажување на севкупната финансиска состојба на Банката, поткрепено со обезбедување соодветни информации за работењето на Банката и нејзините перспективи.

Овие информации им овозможуваат на сите засегнати страни да ја разберат структурата и активностите на Банката на сите пазари на кои таа делува, како и политиките што ги применува.

Понатаму, во рамки на отворената и транспарентна комуникација со клиентите, Банката обезбедува сите реклами и промотивни материјали за своите услуги и производи да бидат во согласност со важечките законски прописи, да бидат пристојни во однос на општоприфатените морални норми, вистинити, јасни, напишани на едноставен и разбирлив јазик и без претерувања.

Не е дозволено доставување рекламен или промотивен материјал до клиенти кои писмено изјавиле, при воспоставување на деловниот однос со Банката или во кој било подоцнежен момент, дека не сакаат да добиваат такви известувања. Банката во целост ја почитува регулаторната рамка што се однесува на промоција и продажба на производи и услуги.

Дополнително, на вработените строго им е забрането да се впуштаат во прекумерно настојување за остварување продажни поттикнувања или да применуваат агресивни, измамнички, нефер или злоупотребувачки продажни практики. Исто така, вработените, како и секое трето лице кое може да биде вклучено во таквите активности, не смеат да манипулираат со евиденцијата, да отвораат фиктивни сметки, да фалсификуваат барања или на кој било начин да ги искривуваат резултатите во корист на себе, други вработени или клиенти.

Услуга на клиентите

При обезбедување услуги за клиентите, вработените во Банката се должни да ги почитуваат следните правила на и истите се должни:

- Да ги почитуваат важечките законски и регулаторни обврски преку доследна примена на релевантните етички кодекси, вклучително и соодветните акти на Народната банка за заштита на клиентите во банкарскиот сектор;
- Да ги земаат предвид потребите и интересите на клиентите (целниот пазар) при дизајнирањето на финансиски производи и услуги;
- Кон клиентите да се обраќаат професионално, смирено, трпеливо и учтиво, притоа одговарајќи на нивните потреби навремено и соодветно;
- Да обезбедуваат брза и точна услуга, јасни информации за клиентите и одговорни насоки во врска со заштитата и унапредувањето на нивните финансиски и имотни интереси;
- Како приоритет да го имаат унапредувањето на интересите на клиентите. При советување или давање препораки, да ги земаат предвид финансиските цели, потреби и нивото на разбирање на клиентите, како и сложеноста и ризиците поврзани со производите и услугите. Банката препорачува конкретни финансиски услуги само откако ќе ги преземе сите разумни мерки за да обезбеди дека тие се во најдобар интерес на клиентот;
- Да вложуваат максимални напори за разрешување на недоразбирањата или споровите што може да настанат во односите со клиентите. Доколку такво разрешување не е можно, да ги информираат клиентите за внатрешните постапки на Банката за поднесување предлози или

поплаки и да им дадат насоки за поднесување поплака до надлежната организациска единица на Банката;

- Кон сите клиенти да постапуваат непристрасно и објективно и да избегнуваат дискриминација по која било основа (на пример, пол, возраст, националност, верски убедувања, финансиска состојба и друго);
- Да не се занимаваат со лични работи во присуство на клиенти;
- Да не користат социјални мрежи за објавување чувствителни информации поврзани со Банката или за давање негативни коментари за колеги, клиенти, добавувачи и други лица;
- Да не пушат во просториите за прием и чекање на клиенти, како и во шалтерските сали, согласно законските прописи и интерните акти на Банката;
- Да не консумираат алкохол или други опојни супстанции на работното место;
- Да бидат соодветно и професионално облечени на работното место и да избегнуваат облека што не одговара на нивниот професионален статус;
- Во секое време да постапуваат во согласност со важечката законска и регулаторна рамка и релевантните интерни акти на Банката;
- Да вложуваат максимални напори за обезбедување целосност и точност на податоците и информациите што им се доставуваат на клиентите, другите организациски единици на СБ, супервизорските, независните и другите надлежни органи;
- Да покажуваат посебна сензибилност и подготвеност при постапување со лица со посебни потреби или лица на кои им е потребен посебен третман.

Банката ги презема сите неопходни мерки за физичка заштита на клиентите за време на нивниот престој во просториите на Банката, како и за заштита и сигурност на нивниот имот и средства (содржина на сефови и друго). Во таа насока, Банката презема и мерки за сведување на минимум на сите ризици и за заштита на средствата на клиентите од интерни измами и несовесно постапување, со цел одржување високо ниво на доверба во општеството, особено при воведување нови услуги, канали на дистрибуција или ангажирање даватели на услуги.

Банката обезбедува вработените ангажирани во продажба да бидат соодветно обучени и компетентни за обезбедување висококвалитетна услуга и професионални совети за финансиски услуги кои се во најдобар интерес на клиентите; да поседуваат соодветно познавање и разбирање на производите и услугите на Банката; да бидат запознаени со регулаторните барања и континуирано да работат на унапредување и ажурирање на своите знаења и вештини.

Управување со поплаките на клиентите

Банката воспоставува систем за ефикасно постапување по поплаките и за навремено и правично решавање на секоја поплака од клиентите, во согласност со Политиката за постапување по поплаки на клиентите. Одборот за ревизија врши дополнителна оценка на анализите кои

произлегуваат од постапувањето по поплаките, особено во однос на значајните ризици поврзани со или произлезени од поплаките, и презема соодветни мерки или корективни активности врз основа на релевантните препораки од Службата за усогласеност.

Секоја усна или писмена поплака, предлог или коментар поврзан со производите и услугите на Банката подлежи на итно разгледување и одговор, со цел да се изгради и одржи доверба и навремено да се решаваат прашањата и проблемите на клиентите и другите деловни страни во односите со Банката.

Покрај тоа, Банката континуирано ги следи и оценува причините за примените поплаки како основа за преземање корективни мерки. Од стратешка перспектива, раководството и органите на надзор се вклучени во системскиот надзор над процесот на постапување по поплаките и ги користат повратните информации од клиентите за унапредување на финансиските производи и услуги.

Дополнително, како дел од настојувањата за ефикасно управување со прашањата поврзани со поплаките на клиентите и за понатамошно унапредување на производите и услугите, Банката овозможува и поттикнува вонсудско решавање на споровите.

2.2.3. Со акционерите и третите лица

Нашата Банка е посветена на остварување резултати што создаваат позитивно влијание врз сите засегнати страни, односно врз акционерите, клиентите, вработените и општеството во целина, при што е насочена кон одржлив развој.

Создавање вредност за акционерите

Банката носи инвестициски одлуки врз основа на внимателни и разумни деловни проценки, со потребната флексибилност и финансиски интегритет, со цел остварување на најдобрите можни приноси и заштита на интересите на акционерите.

Банката применува практики со кои се обезбедува високо ниво на корпоративно управување, воспоставува структури и политики што поттикнуваат високи стандарди на професионално однесување и деловна етика, придонесуваат за непречено функционирање на пазарот и ја зајакнуваат довербата на акционерите.

СБ има воспоставено служба за односи со акционери, која е одговорна за навремено, точно и правично информирање на акционерите за нивните права и начинот на нивно остварување, во согласност со законската рамка и Статутот на Банката. Приоритет на Банката е да обезбеди акционерите да бидат целосно и навремено информирани не само за своите обврски, туку и за своите права и придобивки што произлегуваат од нивниот статус на акционери.

За таа цел:

- ✓ Се стреми кон зголемување на профитабилноста и подобрување на приносите на Банката, при што е насочена кон нејзината долгорочна одржливост и одржлив развој, во корист на сите што ѝ ја укажале својата доверба преку инвестирање во нејзините акции.
- ✓ Настојува на инвеститорите да им обезбеди точни, целосни и навремени информации за финансиската состојба и финансиските резултати на Банката.
- ✓ Ги заштитува средствата и имотот на Банката преку вложувања во нејзините деловни активности и преку континуирани напори за ефикасно управување и контрола на трошоците на Банката и нејзиното работење.
- ✓ Воспоставува јасни линии на известување, надзор и контрола и обезбедува органите на Банката да постапуваат во рамки на соодветни контролни механизми, како дел од напорите за обезбедување транспарентност кон акционерите.
- ✓ Го олеснува учеството на акционерите на Собранието на акционери.
- ✓ Обезбедува акционерите да бидат соодветно и навремено информирани за целите и предметот на одлучување на Собранието на акционери.
- ✓ На акционерите им го презентира Годишниот извештај за корпоративно управување, кој вклучува и Изјава за корпоративно управување.

Поттикнување транспарентни деловни односи

Банката признава дека конкурентноста и успехот на една организација се резултат на тимска работа, но и на придонесот на трети страни, како што се деловните соработници, добавувачите, инвеститорите и другите заинтересирани страни. Банката ги почитува правата на сите субјекти што соработуваат со неа, обезбедува нивна заштита и еднаков третман.

Изборот на деловни соработници се врши врз основа на строги, но правични критериуми, со почитување на важечките законски и регулаторни одредби и барања. Притоа, особено се земаат предвид критериуми како што се доверливост, интегритет, чесност, непристрасност, висок квалитет на производите и услугите, ценовни политики, доследност и разумност во управувањето со деловните активности. Банката бара од своите деловни соработници да ги почитуваат нејзините принципи и вредности, да постапуваат во согласност со нив и да усвојат соодветни сопствени политики и процедури.

При воспоставување деловни односи со трети лица, Банката обезбедува:

- ✓ Почитување на одредбите од овој Кодекс на етика.
- ✓ Проценка на искуството, угледот и севкупниот статус на деловните соработници и другите трети лица, вклучително и нивните технички и организациски капацитети во областа на заштитата на личните податоци.
- ✓ Разбирање на услугите што ги обезбедуваат трети лица, како и на начините на нивно плаќање и надоместување.
- ✓ Проценка на потенцијалните деловни односи со трети лица.

- ✓ Следење на активностите на трети лица што може да имаат влијание врз Банката.
- ✓ Целосна транспарентност при изборот на деловни соработници, врз основа на строги и објективни критериуми, во согласност со правилата за набавки и технички проекти на Банката.
- ✓ Обезбедување еднакви можности за сите заинтересирани страни кои сакаат да соработуваат со Банката.
- ✓ Почитување на одредбите од договорите склучени со деловните соработници и другите трети лица, како и навремено решавање на евентуалните спорови со нив.

Внатрешниот контролен систем на Банката претставува збир од соодветни, доволни и ефикасни контролни механизми и процедури чија цел е да обезбедат усогласеност со интерните процедури и обврските што произлегуваат од важечката законска и регулаторна рамка, како и доследно спроведување на деловната политика.

Непречената функционирање, надзор и оценување на внатрешниот контролен систем во Банката се заснова на следните клучни функции: функцијата на внатрешна ревизија, функцијата за управување со ризици и функцијата за усогласеност.

Улогата на внатрешниот контролен систем е од суштинско значење, бидејќи тој претставува збир на контролни механизми и процедури што континуирано ги опфаќаат и поддржуваат сите активности и процеси во Банката.

Успешното и ефикасно функционирање на Внатрешниот контролен систем обезбедува:

- Доследно спроведување на деловната стратегија.
- Идентификација и управување со сите видови преземени ризици во рамки на активностите на Банката.
- Целосност и веродостојност на финансиските и деловните информации.
- Усогласеност со законската и регулаторната рамка, интерните правила, прописи, усвоени политики и процедури.
- Спречување недозволено и несовесно постапување и откривање неправилности.
- Развој на систем на контролни механизми приспособен на обемот и сложеноста на работењето, како и на синергиите меѓу релевантните организациски единици.
- Оценување на адекватноста и ефикасноста на системот од страна на надворешни ревизори.
- Детално евидентирање на процедурите поврзани со функционирањето на системот и организациските единици што го поддржуваат неговото спроведување.

Три линии на одбрана

Во рамки на доброто корпоративно управување, Банката го применува моделот на Три линии на одбрана, кој ги опфаќа деловните линии како прва линија на одбрана, кои преземаат ризици и се одговорни за нивното оперативно управување непосредно и на континуирана основа; независната функција за управување со ризици, функцијата за усогласеност и функцијата на внатрешна контрола како втора линија на одбрана; како и функцијата на внатрешна ревизија како трета линија на одбрана.

Особено значење се придава на отчетноста и одговорноста на деловните организациски единици, кои како прва линија на одбрана имаат суштинска улога во обезбедувањето ефикасно управување со ризиците и усогласеност во работењето на Банката.

2.2.4. Со заедницата и околината

Клучен приоритет на Банката е создавање вредност за акционерите, во комбинација со спроведување општествено одговорни практики, активности и иницијативи.

Банката се стреми кон примена на високо ниво на општествена одговорност, почитувајќи и промовирајќи човечки, општествени, интелектуални и културни вредности, земајќи ги предвид меѓународните стандарди и континуирано следејќи ги регулаторните промени, најдобрите практики и современите трендови.

Корпоративна општествена одговорност (КОО) и ESG стандарди

Банката обезбедува нејзините општествени и еколошки активности секогаш да бидат усогласени со интересите на акционерите и другите засегнати страни. Во таа насока, СБ применува стандарди за корпоративна општествена одговорност (КОО), кои ги применува и Банката и со кои се дефинираат клучните столбови на активностите поврзани со корпоративната општествена одговорност и ESG-принципите што Банката ги презема.

Банката систематски спроведува политики развиени за поддршка на одржлив раст и за интегрирање на ESG-факторите, притоа зајакнувајќи ја свесноста кај вработените за општествените, управувачките и еколошките прашања, а индиректно и кај акционерите, добавувачите, клиентите и другите засегнати страни. Овие политики имаат за цел и привлекување општествено одговорни деловни партнери, инвеститори, клиенти и вработени.

Во таа насока, особено внимание се посветува на унапредувањето на одржливото финансирање и инвестирање, зеленото банкарство (Green Banking), како одговор на растечкиот интерес на општеството и клиентите за производи и услуги кои придонесуваат кон заштита на животната средина и одржлив развој.

Систем за управување со животна средина

Банката континуирано го следи и унапредува Системот за управување со животната средина во согласност со меѓународните стандарди, ја почитува релевантната законска рамка, поставува цели врз основа на соодветни критериуми, го оценува влијанието на своите активности врз животната средина и постојано ги следи меѓународните трендови во оваа област. Програмата за управување со животната средина е насочена кон рационално користење на природните ресурси, оптимизирање на службените патувања и превозот за деловни цели, ефикасно управување со отпадот, примена на еколошки критериуми при набавките, како и воспоставување правила за анализа и оцена на еколошките ризици во постапките за финансирање.

Банката посветува особено внимание на општествените инвестиции, преку препознавање и поддршка на нови можности за развој на програми и инфраструктура кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на животот и зајакнување на капацитетот на заедницата за одржлив развој.

Финансиска едукација и подигање на свеста

Банката ја поддржува Стратегијата на Народната банка за финансиска едукација и финансиска инклузија, со цел да придонесе кон повисоко ниво на информираност и разбирање на банкарските и финансиските услуги од страна на клиентите, при што особено внимание им посветува на потребите на ранливите категории лица и на дигиталните трендови во управувањето со личните финансии.

Банката ги поддржува целите на наведената Стратегија (како што се унапредување на финансиската дисциплина, финансиската инклузија и други поврзани цели) и ги смета за усогласени со својата мисија, стратешки цели и деловни определби. Во таа насока, Банката спроведува и/или учествува во различни активности насочени кон промоција на финансиската едукација, подигање на финансиската свест и поттикнување на финансиската инклузија, активно соработува со надлежните институции и обезбедува транспарентни и навремени информации и повратни информации до регулаторните органи.

2.2.5. Доверливост и лични податоци

Почитување на доверливоста

Банката ги презема сите потребни мерки за заштита на доверливите информации што се однесуваат на клиентите и на страните во трансакциите, и ги користи исклучиво за целите за кои првично биле обезбедени. Под „доверливи информации“ се подразбираат информациите до кои вработените доаѓаат, директно или индиректно, во текот на извршувањето на своите работни задачи, а кои може да се однесуваат на Банката, клиентите и други поврзани лица, согласно применливата законска и регулаторна рамка.

Секој вработен има обврска да ја чува доверливоста на информациите поврзани со своето работење и со информациите со кои располага или до кои има пристап. Секоја доверлива информација се третира со соодветен степен на тајност, при што строго се почитуваат сите прописи и правила што се однесуваат на професионалната и банкарската тајна. Неовластено користење на видео и аудио снимки, како и на други форми на снимање или складирање податоци, е забрането.

Во насока на обезбедување сигурност и заштита на приватноста на вработените, соработниците и трети лица, Банката воспоставува процедури и применува системи кои овозможуваат контролиран проток на информации, така што информациите се доставуваат само до надлежните лица и само во обем неопходен за извршување на нивните работни обврски, а истовремено се спречува пристап до класифицирани информации од страна на неовластени вработени и/или носители на функции. Особено внимание треба да се посвети при извршување на банкарските трансакции, со цел доследно почитување на одредбите од важечките прописи што се однесуваат на тајноста на банкарските депозити.

Особено внимание треба да посветат сите вработени кои учествуваат во постапките за воведување нови, како и измена или повлекување на постојни производи и услуги, со цел да бидат запознаени со одредбите од овој Кодекс и истите доследно да ги применуваат во делот на доверливоста.

Обврската за чување доверливи податоци не се однесува на случаи кога доставувањето на податоци е потребно за потребите на ревизија и/или истрага спроведувана од Секторот за внатрешна ревизија, од Секторот за усогласеност / Офицерот за заштита на лични податоци, како и до супервизорски или други надлежни органи, во согласност со закон.

Заштита на личните податоци

Банката ја признава и ѝ придава особена важност на обврската за усогласеност со важечките прописи за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци, при што има усвоено Политика за заштита на личните податоци.

Во оваа насока, Банката собира и обработува одредени информации што се однесуваат на вработени (врз основа на договор за вработување или друг вид договорен однос), акционери, потенцијални клиенти, клиенти, кредитокорисници, други кредитори на кредитокорисниците, жиранти, како и на сите други лица кои одржуваат каков било деловен однос со Банката, добавувачи и други лица кои соработуваат со Банката.

Поконкретно, овие информации:

• се собираат на правичен и законит начин, со согласност на субјектот на личните податоци кога тоа го бараат важечките прописи;

• се собираат за конкретни, јасно утврдени и законски цели и се обработуваат правично и законито во согласност со тие цели;

• се чуваат на безбеден начин и само во периодот неопходен за исполнување на целите за кои се собрани и обработувани.

Соодветно на тоа, Банката има воспоставено процедури и имплементирано системи кои овозможуваат контролиран проток на информации, така што:

• информациите се откриваат само на надлежни лица и само во обем неопходен за извршување на нивните работни обврски. Доколку Банката има потреба да овозможи пристап до доверливи

информации на поголем број лица, се преземаат сите соодветни мерки, вклучително и склучување соодветен договор за доверливост, со цел третите лица на кои по исклучок им се откриваат такви информации да бидат запознаени со нивната доверлива природа и со ограничувањата во однос на нивното користење;

• се спречува пристап до класифицирани информации од страна на неовластени лица.

Сите прашања или сомневања поврзани со безбедноста на информациите треба да се пријават до Офицерот за заштита на личните податоци на Банката.

Нашите вработени се свесни дека треба да:

- ✓ ги штитат доверливите информации што се однесуваат на вработените, клиентите и акционерите;
- ✓ ги користат доверливите информации исклучиво за целите за кои првично биле собрани;
- ✓ обезбедат пристап до канцелариската опрема (компјутери, телефони, факс-уреди и друга опрема) да имаат само овластени лица, дури и кога работното место е оставено без надзор само неколку минути;
- ✓ ги чуваат своите пристапни шифри за системите на Банката и под никакви околности да не ги откриваат на трети лица;
- ✓ ја почитуваат доверливоста во однос на трансакциите и работењето на Банката и да ги преземаат сите потребни мерки за заштита на интересите на Банката, нејзиниот имот и средствата доверени на Банката;
- ✓ да не откриваат информации за клиентите на трети лица, дури и кога таквите информации ги бараат членови на семејството на клиентот;
- ✓ освен ако постои соодветно овластување, да не разговараат гласно за случаи и детали поврзани со клиенти во просториите за прием и чекање клиенти, како и во просториите каде се извршуваат трансакции, ниту да користат доверливи информации поврзани со клиентите на несоодветен начин;
- ✓ обезбедат информации, документи, досиеја, испечатени материјали и слично да не бидат достапни на неовластени лица на работните маси или шалтерите, како и доверливите информации да бидат соодветно заштитени кога работното место е оставено без надзор (на пример, заклучени во фиоки);
- ✓ обезбедат клиентите да немаат увид во екраните на компјутерите што се користат при извршување на различни трансакции, како и на екранот да не бидат прикажани деловни податоци кога работното место е оставено без надзор, дури и за краток временски период;
- ✓ обезбедат секој доверлив документ што треба да биде уништен да се уништи на начин што не дозволува негово обновување, согласно важечките интерни упатства за безбедно уништување документи кои содржат лични податоци;
- ✓ веднаш да ги известат Одговорниот за заштита на личните податоци и Одговорниот за безбедност на информациите доколку трето лице по грешка открие каков било вид доверлива информација што не била побарана;
- ✓ обезбедат согласност од клиентот - физичко лице кога тоа е потребно за собирање, чување и обработка на лични податоци;
- ✓ ги информираат клиентите - физички лица за нивните права, во согласност со одредбите од Политиката и важечката регулаторна рамка, да постапуваат по секое барање за пристап до податоци од субјект на лични податоци и, доколку е потребно, да побараат насоки од Одговорниот за заштита на личните податоци;
- ✓ да не доставуваат информации и рекламни материјали за производите и услугите на Банката доколку клиентот - физичко лице не дал согласност за тоа;

- ✓ да не обработуваат податоци за членови на семејството или трети лица без нивна претходна согласност (на пример, при проверка на нивната кредитна способност);
- ✓ да не обработуваат лични и чувствителни податоци на клиентите надвор од мрежата на Банката (на пример, на лични компјутери);
- ✓ да се консултираат со Одговорниот за заштита на личните податоци за секој позначаен проект и/или промена на процесите што може да влијае врз обработката на личните податоци;
- ✓ по престанокот на нивната соработка со Банката, на своите претпоставени да им ги предадат сите информации што содржат лични и чувствителни податоци на клиентите, како и да продолжат да ја чуваат деловната тајна и доверливоста на сите податоци и информации поврзани со Банката или нејзините клиенти и да ги заштитуваат од намерно или ненамерно откривање на неовластени лица, дури и по престанокот на пристапот до таквите информации и/или по престанокот на работниот однос со Банката.

Одговорниот за заштита на личните податоци обезбедува насоки и поддршка за прашања поврзани со заштитата на личните податоци на организационите единици и мрежата на експозитури на Банката, претставува лице за контакт со супервизорските органи во врска со прашањата поврзани со обработката на личните податоци и соработува со надлежните органи и по други прашања од својата надлежност.

3. ПОЗНАВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТИТЕ

Секој вработен во Банката е должен да го почитува и доследно да постапува во согласност со одредбите на овој Кодекс. Сите вработени, без оглед на нивото на работно место, функцијата што ја извршуваат или видот на ангажманот, преземаат одговорност во секое време да бидат свесни за обврските што произлегуваат од овој Кодекс, како и да спречуваат постапки кои не се во согласност со обврските и определбите на Банката утврдени со овој Кодекс.

3.1. Справување со проблеми

Постојат повеќе начини на кои вработените можат да поставуваат прашања во врска со примената на Кодексот или да пријават можни неправилности, без ризик од преземање санкции поради таквото пријавување:

• Вработените имаат право да ги изразат своите загрижености и да пријавуваат прашања поврзани со Кодексот до своите претпоставени, како и до надлежниот организациски дел (на пример, Секторот за човечки ресурси, Секторот за усогласеност / Секретарот на Банката, Секторот за внатрешна ревизија), во зависност од природата на прашањето и согласно применливите процедури. Сите членови на повисокото раководство се должни да обезбедат соодветна примена на Кодексот и да дадат насоки за постапување во случај на какво било негово прекршување.

• Банката го поттикнува пријавувањето на секое недозволено однесување, сериозна неправилност или повреда на прописите преку расположливите канали за пријавување неправилности, во согласност со Политиката за пријавување неправилности на Банката. При тоа, се преземаат сите

неопходни мерки за обезбедување анонимност и заштита на податоците во текот на процесот на поднесување, прием и обработка на пријавите.

Во случај на поднесување пријава за неправилност, на веб-страницата на Банката е достапен онлајн образец за поднесување пријава.

Банката обезбедува заштита од одмаздничко постапување кон секое лице кое, со добра намера, ќе пријави сомневање за повреда на етичките правила, незаконско постапување, сексуално или друг вид вознемирување, дискриминација, несоодветно однесување на работното место или кое било друго прашање поврзано со овој Кодекс, дури и во случаи кога таквите сомневања ќе се покажат како неосновани.

Доколку вработениот смета дека е изложен на одмаздничко постапување, треба истото да го пријави согласно одредбите од Политиката за пријавување неправилности. Во такви случаи може да бидат преземени соодветни мерки, вклучително и дисциплински постапки против секој вработен кој применува одмазднички мерки.

Во секој случај, вработените кои сакаат да постават прашања или да пријават прашања што произлегуваат од примената на овој Кодекс можат да се обратат до:

- ✓ Секторот за усогласеност;
- ✓ Секретарот на Банката;
- ✓ Секторот за човечки ресурси;
- ✓ Правниот сектор.

3.2. Примена на Кодексот

Управниот одбор ја надгледува примената на овој Кодекс.

Анекс I

Што се очекува во однос на Кодексот

Што се очекува од сите?
А. Почитување на Кодексот и регулаторната рамка

- да го прочитаат и целосно да го разберат Кодексот;
- да постапуваат во согласност со Кодексот и со интерните политики и процедури на Банката;
- да покажуваат расудување и критичко размислување при извршувањето на своите работни задачи;
- да избегнуваат несоодветно однесување;
- кога тоа е потребно, навремено да побараат или добијат претходно одобрување од надлежното тело, во согласност со Кодексот и интерните политики и процедури на Банката;
- да ги изразуваат своите загрижености и да пријавуваат прашања поврзани со Кодексот до својот претпоставен или до надлежната организациска единица, во зависност од природата на прашањето (на пример, Секторот за човечки ресурси, Секторот за усогласеност / Секретарот на Банката), согласно важечките процедури;
- да бидат свесни дека секој утврден или основано сомнителен случај на непочитување на Кодексот ќе биде разгледуван од надлежните раководни тела и Секторот за управување со човечки ресурси, согласно дисциплинската постапка на Банката.

Што се очекува од Раководството?
А. Промовирање на Култура на етика и почитување со прописите

- Повисокото раководство треба во секое време да претставува пример за соодветно и етичко однесување. Во таа насока, како раководно лице, треба да:
- обезбедите вработените кои се под ваше раководење да ги разбираат своите обврски што произлегуваат од овој Кодекс и од другите политики на Банката;
- поттикнувате усогласеност со Кодексот во рамките на вашето подрачје на одговорност, преку лично давање пример;
- разговарате со вработените и да ја нагласувате важноста на етичкото однесување и усогласеноста;
- спречувате можни прекршувања на Кодексот од страна на вработените кои се под ваше раководење;
- го земате предвид однесувањето на вработените во однос на Кодексот и другите политики при оценувањето на нивната работа;
- никогаш да не ги поттикнувате или насочувате вработените да постигнуваат деловни резултати на сметка на етичкото однесување, усогласеноста со Кодексот или почитувањето на важечката законска и регулаторна рамка;
- поттикнувате и обезбедувате култура на етичност и усогласеност, постапувајќи во секое време во согласност со Кодексот, важечката законска и регулаторна рамка и највисоките стандарди на етичко и професионално однесување.

SB Restricted

В. Размислување пред постапување и барање насоки

- Доколку се двоумите во однос на одредено постапување или одлука, користете ја Алатката за донесување одлуки прикажана подолу.
- Доколку и понатаму не сте сигурни како да постапите, побарајте насоки. Можете да се обратите до:
  - вашиот претпоставен;
  - Секторот за усогласеност;
  - Секторот за управување со човечки ресурси;
  - Секретарот на Банката,
- вклучително и во случаи кога не сте сигурни дали одреден настан или постапување треба да биде пријавено согласно одредбите на овој Кодекс или Политиката за пријавување неправилности.

В. Одговарање на прашања и проблеми

- Внимателно и со целосно внимание сослушувајте го секое прашање или загриженост поврзани со Кодексот и неговата примена.
- Поставувајте дополнителни прашања и побарајте појаснувања кога тоа е потребно за целосно разбирање на околностите.
- Побарајте поддршка и насоки доколку ви се потребни, особено кога вработениот искажува загриженост или пријавува прашање кое може да бара дополнителна проверка или понатамошна истрага.

Aneks II

Политики на СБ

При постапување по прашања опфатени со овој Кодекс, може да се повикате и на следните политики и документи на Банката, кои уредуваат сродни области:

- Политика за спречување поткуп;
- Политика за пријавување неправилности;
- Политика за спречување измами;
- Политика за спречување перење пари и финансирање тероризам – Политика за прифаќање клиенти;
- Политика за постапување по поплаки;
- Политика за судир на интереси;
- Политика за судир на интереси за лица со посебни права и одговорности;
- Стандарди на НБГ Групацијата за спречување злоупотреба на пазарот;
- Процедура за идентификација и следење поврзани лица и лица поврзани со Банката;
- Политика за набавки;
- Процедура за воведување и имплементација на нови или измена на постојни производи и услуги во Стопанска банка АД - Скопје;
- Стандарди за корпоративна општествена одговорност;
- Кодекс на етика за финансиски професионалци;
- Политика за заштита на личните податоци;
- Политика за усогласеност со барањата за информациска безбедност.

Во зависност од конкретното прашање, вработените можат да се консултираат и со други политики на Банката кои се објавени и достапни на интранет-порталот на Банката.

Анекс III

Индикативни прашања и одговори во врска со примена на Кодексот

П: Дел сте од тим кој изготвил стратегија за одреден проект, но проектот не успеал. Како треба да постапите?

О: Членовите на тимот треба заеднички да ја преземат одговорноста за неуспехот, наместо од страв вината да ја префрлаат на поединечни членови на тимот.

П: Клиент ви нуди подарок затоа што сте му овозможиле навремена и квалитетна услуга. Како треба да постапите?

О: Треба љубезно да го одбиете подарокот и да го информирате клиентот дека, согласно Кодексот на етика, не смее да го прифатите. Доколку клиентот инсистира, а подарокот се смета за вообичаено и општествено прифатлив гест и неговата вредност е помала од 250 евра, можете да го прифатите, но за тоа веднаш треба да го известите раководителот на вашата организациска единица или раководителот на Секторот за усогласеност / Секретарот на Банката.

П: Со добра намера сте пријавиле одреден настан преку расположливите канали за пријавување неправилности, а сега сте изложени на одмаздничко постапување. Како треба да постапите?

О: Треба да го пријавите тоа согласно одредбите на Политиката за пријавување неправилности, со цел да бидат преземени соодветни мерки, вклучително и дисциплински постапки против лицата кои применуваат одмазднички мерки.

П: На вашето работно биро има документација и испечатени материјали поврзани со клиентите кои сте ги услужувале во текот на денот, кога колега ќе побара да услужите нов клиент. Како треба да постапите?

О: Пред да започнете со услужување на новиот клиент, треба да обезбедите целокупната документација на другите клиенти да биде отстранета од работната површина и соодветно заштитена, со што ќе се обезбедат доверливоста и заштитата на нивните податоци.

П: Сакате да учествувате како говорник на конференција. Како треба да постапите?

О: Пред учеството, треба да го информирате вашиот претпоставен и да побарате одобрување од Секторот за усогласеност.

Во секој случај, програмата за електронска обука за Кодексот на етика на Банката содржи подетални примери и практични случаи кои придонесуваат за подобро разбирање и примена на одредбите од Кодексот.

Анекс IV

Алатка за донесување одлуки

Кога треба да донесете одлука и не сте сигурни дали преземените дејства се во согласност со тековниот Кодекс, следната алатка за донесување одлуки може да ви помогне да постапите како што треба.

Прашајте се:





Вашата одлука е во согласност со Кодексот, сепак секогаш можете да побарате дополнителен совет.



Побарајте насоки од вашиот претпоставен и надлежниот Сектор, согласно Политиките и Процедурите на Банката.



Не постапувајте, затоа што тоа дејство може да доведе до сериозни последици.

Анекс V

Кодекс на етика за финансиските професионалци на Стопанска банка АД - Скопје

I. ЦЕЛ

Овој Кодекс на етика за финансиски професионалци на Стопанска банка АД - Скопје ги утврдува клучните етички барања и стандарди на однесување што се применуваат на лицата кои учествуваат во подготовката, изготвувањето и доставувањето на финансиските извештаи и другите финансиски обелоденувања на Банката (во понатамошниот текст: „Финансиски професионалци“).

Неговите основни цели се:

• да промовира чесно и етичко постапување, вклучително и спречување на ситуации во кои постои вистински или потенцијален судир на интереси;

• да промовира транспарентност, чесност, интегритет и професионално однесување при извршувањето на должностите на Финансиските професионалци;

• да обезбеди усогласеност со применливата регулаторна рамка, особено во однос на правилната подготовка на поединечните и консолидираните финансиски извештаи на Банката, како и на сите други финансиски обелоденувања;

• да обезбеди целосно, точно, веродостојно и навремено доставување на финансиските извештаи и другите финансиски обелоденувања;

• да обезбеди навремено доставување интерни извештаи во случај на повреда на одредбите од овој Кодекс; и

• да ги обврзе Финансиските професионалци да постапуваат во согласност со одредбите од овој Кодекс и со етичките правила кои произлегуваат од регулаторната рамка што се применува на Банката.

II. ОПФАТ

Финансиските професионалци на кои се однесува овој Кодекс на етика ги опфаќаат:

1. Членовите на Надзорниот одбор, членовите на Управниот одбор, раководителот или сениор директорот надлежен за трезорско работење и финансии, Секторот за сметководство, Секторот за буџетирање и финансиско известување, како и секое друго лице вклучено во областа на сметководството и финансиското известување.
2. Сите лица вработени во сектор или организациска единица кои се одговорни за подготовка на финансиските извештаи и евидентирање на финансиските резултати на Банката, како и за подготовка на консолидираните финансиски извештаи на Банката, доколку постои обврска за изготвување такви извештаи.
3. Сите вработени кои се вклучени во односите со инвеститори во земјата и во странство, во врска со стратегијата и финансиските резултати на Банката.

III. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Финансиските професионалци се должни:

1. да постапуваат во согласност со барањата на важечката законска и регулаторна рамка што го уредува работењето на Банката при извршувањето на своите работни обврски;
2. да постапуваат во согласност со Кодексот на етика на Банката;
3. да постапуваат во согласност со Политиката за избегнување судир на интереси за членови на одборите, повисокото раководство и други поврзани лица на Банката;
4. да избегнуваат ситуации во кои може да постои судир на должности или судир помеѓу нивните лични интереси и интересите на Банката. Во случај кога личниот интерес не се совпаѓа или може да не се совпаѓа со интересот на Банката, Финансиските професионалци се должни да покажат интегритет и чесно постапување;
5. ваквите случаи да ги пријавуваат до Секторот за усогласеност, кој по разгледување на наводите од пријавата соодветно го известува Генералниот извршен директор. Одборот за ревизија на Банката редовно се информира преку годишните извештаи подготвени од Секторот за усогласеност, а вонредно и во случај на значителен судир на интереси;
6. строго да ја штитат доверливоста на сите необјавени информации во врска со Банката и нејзините клиенти до кои дошле при вршењето на своите работни обврски; да ги почитуваат сите важечки закони и прописи што се однесуваат на банкарската тајна, заштитата на личните податоци и барањата за доверливост поврзани со банкарското работење; да ги преземаат сите разумни мерки за спречување на неовластено откривање на таквите информации на трети лица, освен кога тоа е предвидено со закон или е побарано од надлежен судски, регулаторен или друг јавен орган. Во секој случај на откривање доверливи податоци на трети лица, потребна е претходна согласност од Секторот за усогласеност, освен ако поинаку не е изречно утврдено со закон;
7. да обезбедат дека информациите содржани во:
    - официјалните извештаи што Банката ги доставува до надлежните регулаторни тела; и
    - јавните објави и комуникации на Банката,

се целосни, точни, навремени и разбирливи, како и дека се презентирани во согласност со важечките правила и прописи. За таа цел, тие треба да соработуваат со Секторот за усогласеност и Секретаријатот на Банката (Канцеларија на Управниот одбор);

8. без одлагање да ги известуваат Одборот за ревизија и Секторот за усогласеност за секоја повреда на одредбите од овој Кодекс;
9. да воспоставуваат и одржуваат добри професионални односи со надворешните ревизори на Банката и да им ја обезбедат сета потребна поддршка за спроведување на ревизијата;
10. писмено да потврдат дека го прочитале, разбрале и се согласуваат целосно да го почитуваат овој Кодекс на етика, како и дека се свесни дека ќе сносат одговорност за секоја негова повреда согласно прописите за работни односи, законската и интерната регулатива на Банката и нивниот договор за работа.

IV. УПРАВУВАЊЕ

Надзорниот одбор на Банката има надлежност да го усвои и одобри овој Кодекс на етика, по претходно одобрување од Одборот за ревизија и врз основа на соодветна препорака од Секторот за усогласеност.

Раководството на Банката е одговорно за воспоставување на процедурите неопходни за ефикасна примена на овој Кодекс.

Секторот за усогласеност ја следи примената на овој Кодекс и е одговорен за известување на Одборот за ревизија за неговото спроведување. Исто така, Секторот за усогласеност предлага негово ревидирање до Одборот за ревизија и Надзорниот одбор.

Одборот за ревизија го известува Надзорниот одбор за секоја повреда на одредбите од овој Кодекс и предлага соодветни корективни мерки. Покрај тоа, по препорака на Секторот за усогласеност, Одборот за ревизија ги одобрува или одбива барањата за изземање од примената на одредбите на овој Кодекс, согласно Поглавје V подолу.

V. ИСКЛУЧОЦИ

Барањата за изземање од примената на одредбите на овој Кодекс на етика се поднесуваат од заинтересираните лица до Одборот за ревизија, кој е надлежен да одлучи дали ќе го одобри таквото барање.

Секоја одлука за изземање на определено лице од примената на одредбите на овој Кодекс, како и причините за донесување на таквата одлука, се објавуваат во согласност со одредбите од важечката регулаторна рамка.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Кодекс на етика за финансиски професионалци се применува покрај Кодексот на етика на Банката, Кодексот на однесување за банки и штедилници потпишан помеѓу Македонската банкарска асоцијација и Министерството за економија (март 2013 година), Правилникот за работни односи на Банката, како и сите други професионални кодекси на однесување што се применуваат на Финансиските професионалци.

Во случај на постоење преклопувачки одредби, се применува построгата одредба.

Непостоењето на изречна насока, практика или упатство во овој Кодекс за конкретен случај не ги ослободува Финансиските професионалци од обврската да постапуваат во согласност со највисоките стандарди на етичко однесување што се соодветни на конкретните околности.

Секој вработен во Банката е должен без одлагање да ја пријави секоја повреда на одредбите од овој Кодекс до Одборот за ревизија преку Секторот за усогласеност. Таквата пријава се третира како доверлива.

Овој Кодекс на етика им се доставува на Финансиските професионалци по неговото одобрување и се објавува на веб-страницата на Банката.